РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-273/1-3
17.01.2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10,51/11 и 17/11), Одборот за акредитација и евалуација на 15.седница одржана на 20.12.2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација - усогласување на студиската програма од прв и втор циклус на студии на Факултетот за менаџмент при МИТ Универзитет Скопје**

1.Се акредитира усогласената студиска програма по Менаџмент со Законот за високото образование на **Факултетот за менаџмент** на МИТ Универзитетот во Скопје со следните модули:

а) Безбедност и финансиска контрола, прв циклус тригодишни студии (180 ЕКТС);

б) Бизнис менаџмент, прв циклус тригодишни студии (180 ЕКТС)

в) Финансиски менаџмент, прв циклус тригодишни студии (180 ЕКТС);

г) Менаџмент на јавна администрација и локална самоуправа, прв циклус тригодишни студии (180 ЕКТС)

д) Здравствен менаџмент, прв циклус тригодишни студии (180 ЕКТС);

ѓ) Менаџмент на јавна администрација и локална самоуправа, втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС)

е) Безбедност и финансиска контрола, втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС);

ж) Бизнис менаџмент, втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС);

з) Финансиски менаџмент, втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС);

и) Здравствен менаџмент, втор циклус двегодишни студии (120 ЕКТС).

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Факултетот за менаџмент при МИТ Унивезитет – Скопје, по претходно донесената одлука на Наставно научниот совет за давање согласност за измени и дополнувања на студиските програми согласно измените од Законот за високто образование, како и одлуката за усвојување на студиските програми од страна на Ректорската управа на Универзитетот, на ден 22.08.2012 година достави елаборати до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование заведени под број 15-273/3.

Одборот за акредитација и евалузација на високото образование, на својата 12 седница одржана на 12.09.2012 година, формира експертски комисии и на 15. седница одржана на 20.12.2012 година, врз основа на доставените елаборати и извешти на експертските комисии, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски